**Република Македонија**
**Општина Сопиште**



# Предлог-ПРОГРАМА

# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ( Службен весник на Р.М. бр.130/10) и Одлуката за јавна чистота на Општина Сопиште, ( Службен гласник на Општина Сопиште бр. 7/2008 ) Советот на Општина Сопиште на ден ___.___ 2018 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКИ ДЕЛ

Програмата на Општина Сопиште за одржување на јавна чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простории на јавните објекти, за обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и еколошка животна средина во општината.

Со програмата се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота и финансиски средства за вршење на работите .

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е одржување на јавната чистота односно метење на улици и пешачките патеки, собирање на сметот, миење на јавните површини и отворените простории и јавните објекти, чистење на снег и мраз, отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и поставување на соодветни корпи за фрлање на отпадоци на јавните површини и објекти.

Со програмата :

- Се утврдува територијата, распоредот и фрекфренцијата за одржување на јавните површини и отворените простори на јавните објекти (метење и миење)
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работата за одржување на јавната чистота
- Се утврдува надзорот во спроведувањето
- Се утврдува начинот на финансирање.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Сопиште ќе ги опфати:

- јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, уредени отворени простории, крајбрежја, кружни токови, мостови,автобуски постојалишта, такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли)

Во спроведување на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење и миење на јавните површини и отворените простории и јавните објекти наведени во Законот за јавна чистота и Одлуката за јавна чистота
- машинско и рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови
- машинско и рачно чистење на наноси од поројни дождови на улиците
- машинско и рачно чистење на отворени одводни канали
- местење на корпи на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање во општинската комунална депонија

Со програмата е предвидено одржување на јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, уредени отворени простории, крајбрежја, кружни токови, мостови, автобуски постојалишта, такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли) .

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности за одржување на јавна чистота ќе ги изведува ЈКП Сопиште-Сопиште. Според Одлуката на Советот на Општина Сопиште за доделување на вршење на работите од јавна чистота-чистење на снег и мраз во зимски услови на ЈКП Сопиште за зимска сезона.

Изведувачот има обврска континуирано, квалитетно и навремено одржување на јавната чистота согласно Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Сопиште за 2019 година.

Изведувачот на програмата ЈКП Сопиште треба да склучи договор со Општина Сопиште за спроведување на програмата и да ја реализира со налози од Одделението за комунални работи.

## 5. АКТИВНОСТИ

Активностите за одржување на јавната чистота на јавните површини и отворените простории и јавните објекти ќе се утврдат со оваа Програма во која се земени во предвид и :

- Густината на населението
- Фрекфренција на граѓани и сообраќај
- Инфраструктурни објекти и сообраќајни услови
- Воспитно образовни објекти
- Културни навики на населението
- Степенот на уреденост на површината.

## 6. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на:

- Индивидуални објекти-сите сопственици односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена
- Правните лица -што ги вршат работите на одржување на јавната чистота се должни сметот од јавните површини редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена
- јавните површини кои по поројните дождови се прикриени со наноси од песок и друг матријал се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и имаат приоритет пред другите активности
- Чистење на дивите депонии се врши со соработка на одделението за комунални работи, при што исчистените депонии ќе се потврдуваат еднаш месечно со доставен извештај од ЈКП Сопиште до одделението за комунални работи.
- Грижа и одржување на веќе оформените паркови, тревници и пешачки патеки
- Полевање, косење, кроење, окопување и чистење на површините, замена и отстранување на оштетени и исушени садници со други
- Надзор и контрола на урбаната опрема која е поставена на територија на Општина Сопиште

Динамика на одржувањето на јавната чистота:

## 6.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ И УЛИЦИ

Метење на улици и тротоари - рачно метење ќе се врши еднаш неделно во зимски период од 07.00 до 14.00 часот и летен период од 07.00 до 11.00 часот. Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.

| Јавни површини и улици | Населено место | Временски период |
|---|---|---|
| Спортско рекреативни објекти, детски игралишта и пешачки патеки | Сопиште, Ракотинци Добри Дол, Долно Соње | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Сопиште | Еднаш неделно |
| Улица 2 | Сопиште | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Ракотинци | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Добри Дол | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Горно Соње | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Долно Соње | Еднаш неделно |
| Улица 8 | Долно Соње | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Чифлик | Еднаш неделно |
| Улица 1 | Света Петка | Еднаш неделно |

## 6.2. СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

Собирање на отпадоците од улиците и населените места, празнење на садовите за отпадоци, косење на трева од банкини, сечење на дрва поред улица, собирање листови од дрва на улици и метење на сите останати улици по населени места. Оваа активност се спроведува еднаш во две недели.

Собирање на отпадоците од и покрај главните патни правци кои ги поврзуваат населените места во општината и празнење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини. Оваа активност се спроведува еднаш во две недели.

Растителниот отпад кој настанува со косење на трева, сечење на дрва, чистење на троскот, лисја, отпад од градини и отпад од растително потекло од урбаното подрачје на Општина Сопиште во 2019 година се предвидува да се отстрани со поставување на контејнери со капацитет од 1.0 м3 и нивно чистење и ротирање на повеќе локации во Општината.

Во населените места каде нема пристап за возилото кое собира отпад се планира да се постават контејнери .

## 6.3. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Согласно член 22 од Законот за јавна чистота давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 (шест) часа од почетокот на снежните врнежи со што улиците ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови.

Оспособувањето на улиците ќе се врши во зависност од временските услови и тоа:

1. **Прва состојба на готовност - состојба на присуство на голомразици или снежни врнежи до 20см снег**

Состојба на готовност давателот на услугата со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства првенствено ќе изврши оспособување на коловозните површини за сообраќај на улиците од првата категорија, со што ќе се даде приоритет на отворање на пешачките премини, отворање на пешачките патеки по тротоарите и плочниците и целосното чистење на мостовите, надвозниците и критичните угорнини и каде што се одвива јавниот градски превоз.

**ПРВА СОСТОЈБА** **РОК 15.11.2018 до 15.03.2019**

| Ред број | РЕЛАЦИЈА | Приоритет | Време на обрт по релација | Механизација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ул.2 Сопиште→ ул.1Ракотинци→ул.1 Добри Дол | ПРВ | 1 час | ТМВ со плуг соларка |
| 2 | ул.2Горно Соње→ул.1 и 4 Долно Соње →ул.5 Чифлик →ул.2 Барово → ул.1 Света Петка | ВТОР | 2 часа | ТМВ со плуг соларка |
| 3 | ул.24 и ул.22 Сопиште →ул.10 Горно Соње→ ул.1 Говрлево → ул.1 Јаболци | ТРЕТ | 3 часа | ТМВ со плуг соларка |
| 4 | ул.1 Држилово→ул.4 и ул.5 Патишка Река→ул.1 и ул.7 Нова Брезница | ЧЕТВРТ | 4 часа | ТМВ со плуг соларка |

2. **Втора состојба на готовност- голомразица и снежни врнежи над 20см**

Состојба на готовност давателот на услугата потребно е да обезбеди ефикасно и навремено оспособување на улиците од првата категорија, а потоа се продолжува со другите две категории запазувајќи го временскиот рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и употреба на тешка механизација.

**ВТОРА СОСТОЈБА** **РОК 15.11.2018 до 15.03.2019**

| Ред број | РЕЛАЦИЈА | Приоритет | Време на обрт по релација | Механизација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ул.7→ ул.9 →ул.14→ ул.20→ ул.21 Сопиште | ПЕТТИ | 2 часа | ТМВ со плуг соларка |
| 2 | ул.5 и ул.3 Ракотинци →ул.4 Добри Дол | ШЕСТИ | 2 часа | ТМВ со плуг соларка |
| 3 | ул.2→ ул.5→ ул.7 Долно Соње → ул.12 →ул.14 Горно Соње | СЕДМИ | 3 часа | ТМВ со плуг соларка |
| 4 | Сите останати улици во населените места на општината | ОСМИ | | ТМВ со плуг соларка |

**Чистењето на снегот пред објектите** (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите, и во зимски услови при снежни врнежи тие се должни веднаш да започнат со чистењето на снегот на отворените простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

### 6.4. <u>ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ</u>

ЈКП Сопиште е должен да постапува и по издадени решенија од Општинскиот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина за чистење на мали депонии и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано присуство на отпад од непознато потекло.

ЈКП Сопиште ќе врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Сопиште.

## 7. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За успешно спроведување и реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територија на Општина Сопиште се предвидува да се обезбедат финансиски средства во износ од 2.360.000,оо денари предвидени за одржување на јавна чистота и тоа:

- **За редовно одржување на јавна чистота 1.200.000,оо денари**
- **За зимско одржување на улиците (во износот не се вклучени набавката на сол и ризла) 1.160.000,оо денари**

Средствата ќе се обезбедат од:

- **Од надоместок за одржување на јавна чистота** согласно член 24 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12 и 80/12)
- **Домаќинства и од правни субјекти 1.500.000,оо денари**
- **Од сопствени приходи од Буџетот на Општина Сопиште 860.000,оо денари** за чистење на снег и мраз во зимски услови на улиците

Висината на надоместокот за одржување на јавна чистота е утврдена со Одлука донесена од Советот на Општина Сопиште согласно член 24 од Законот за јавна чистота Сл.весник на РМ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12 и 80/12).

## 8. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган – Одделението за инспекциски работи и одделението за комунални работи. За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Сопиште. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

________________________